ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CUK.GOV.MK ▪ 195 ▪ CUK.MAIL@CUK.GOV.MK

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**МАРТ – АПРИЛ 2019**



## Состанок на оперативно координативното тело за заштита на шумите од пожари

**ЦУК, 03.04.2019 - Согласно заклучокот од 11 седница на Управувачкиот комитет, денес во Центарот за управување со кризи се одржа состанок со оперативно координативно тело за заштита на шумите од пожари. Во ова координативно тело учествуваат номинирани лица од надлежните институции кои имаат активности во справување со шумски пожари. Присуствуваа претставници од Центарот за управување со кризи, МВР-БЈБ, АРМ, Шумска полиција, Дирекција за заштита и спасување, УХМР, Државниот инспекторат за ловство, ЈП Национални шуми, ЈП Пасишта и командирот на БППЗ на Град Скопје.**

**На состанокот се дискутираше за активностите кои во изминатиот период беа преземени од институциите, како и за воочените слабости со кои се соочуваа институциите на Системот за управување со кризи, при справување со пожарите на терен. Со цел надминување на истите, во наредниот период ќе се преземат соодветни мерки и активности за навремено координирање и ефикасно справување со шумски пожари.**

## СОСТОЈБА СО ПОЖАРИТЕ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР

### Активен пожар на м.в.Пандеви колиби, над с.Чанаклија

**Од ШС „Беласица“ – Струмица известуваат дека од 16:00 часот на ден 01.03.2019 година има активен пожар на м.в.Пандеви колиби, над с.Чанаклија. Опожарени се габер и даб, а интервенирале лица од ШС. Со гаснење на пожарот ќе се продолжи во текот на денешниот ден.**

### Изгаснат пожарот кај м.в.Пандеви колиби, над с.Чанаклија

**Од ШС „Беласица“ – Струмица известуваат дека пожарот кај м.в.Пандеви колиби, над с.Чанаклија кој започна во 16:00 часот на 01.03.2019 година, изгаснат е во 10:00 часот на ден 02.03.2019 година. Опожарена е нискостеблеста дабова шума на површина од 2 хектари, а интервенирале лица од ШС Беласица.**




### Авиони на ДЗС гасеа пожари во кичевско

**Во текот на вчерашниот ден, во реонот на кичевското село Гарани има пријавено пожар од 11:00 часот, при што е опожарено 20 годишна борова шума. Пожарот е високо на планината и е непристапен за гасење од луѓе и опрема наменета за гасење од земја. На терен излегла екипа на ШС „Лопушник“ – Кичево, а до 16:00 часот интервенирано е со по 1 налет од страна на 2 авиони на ДЗС.**

**Исто така, во текот на вчерашниот ден пријавен е пожар на нискостеблеста шума во село Колибари од 13:00 часот. На терен излегле екипи на ШС Лопушник и на ТППЕ Кичево. Интервенирано е и со по 1 налет од страна на 2 авиони на ДЗС.**

### Состојба со пожарите на отворен простор до 12 ч. 08.03.2019

**Битолски регион - Во Битолско има 2 активни пожари. Првиот пожар зафатил нискостеблеста шума и папрат во атар на с.Острец м.в. „Остречки Преслап“. Вториот пожар зафатил сува трева и нискостеблеста шума во атар на селата Српци и Беранци. И на двата пожари интервенираат екипи од ЈП Македонски Шуми. Пожарот кој зафатил сува трева и борова шума во атарот на село Рамна и Лера утрово е локализиран. Местото го надгледуваат лица од ЈП Македонски Шуми. Во општина Прилеп, пожарот на сува трева и деградирана шума во близина на Манастирот во с.Зрзе, е ставен под контрола. Во гаснењето на пожарот во утринските часови интервенирале екипи од ТППЕ Прилеп.**

**Штипски регион - Пожарот избувнат на м.в.Спиково атар на град Пехчево е локализиран. На терен се екипи од ШС„Равна Река”Пехчево и ЈКП„ Комуналец” - Пехчево. Изгорени се ниско стеблести растенија и сува трева.**

**Кумановски регион - Пожарот кој вчера попладнето избувнал во атарот на село Криви Камен, денес претпладне е локализиран. Со пожарот е опфатена нискостеблеста дабова шума, како и трева, трње, пасиште.**

### Состојба со пожарите до 8:00 ч. 10.03.2019

**Битолски регион - Во гаснењето на пожарот пожарот на место викано Кутлино, атар на с.Селце, општина Крушево кој се аткивирал околу 13,00 часот на ден 09.03.2019 г. интервенирале пожарникари и лица од ШС Липа од Крушево. Со гаснењето на пожарот ќе се продолжи и во текот на ден 10.03.2019 г. Во текот на ден 09.03.2019 г. пријавен е пожар на запалена сува трева и ниско стеблесна шума кај с.Кочишта. Интервенирале лица од ЈП-Липа и пожарникари. Со гаснењето на пожарот ќе се продолжи и во текот на ден 10.03.2019 г.**

**Тетовски регион - Околу 19:00 часот на ден 09.03.2019г. пријавен е шумски пожар над с.Непроштено. Известени се ТППЕ-Тетово, ПСШ-Лешница како и ЕЛС Теарце. Од ПСШ-Лешница известја дека се работи за приватни шуми. Екипа од ТППЕ-Тетово интервенирале во с.Отуње и истите останиваа на терен и прават напори на гасење на пожарот. Истиот бил делумно локализиран, но во текот на ноќта поради ветерот повторно се активирал. Екипи од ПСШ-Лешница утрово ќе се упатат на терен и се ангажираат во гасење. На место викано Долгиниви, кај рудникот Пофикс накај с.Митрови Крсти во Гостивар активен е шумски пожар. Екипа од Шар Гостивар биле на терен и изведувале активности во гасење на истиот, но поради ветрот што дува во реонот гаснењето е отежнато. Според одговорното лице во ШАР Гостивар зафатена е површина на нискостеблеста шума и сува трева. Пожарот е на локација која е тешко пристапна. ТППЕ-Гостивар утрово ќе излезат на терен за да ја следат состојбата.**

## Состојба со пожарите на отворен простор до 08 ч. 12.03.2019



**Битолски регион - Во текот на вчерашниот ден, во општина Ресен поради пожар – запалена трска кај м.в.Макази, од 17:30 до 19:00 часот, во целосен прекин беше сообраќајот на патниот правец Ресен – Битола. На терен интервенира екипа од ТППЕ Ресен и МВР која го регулира сообраќајот кој беше пренасочен по регионалниот патен правец Р1101 Ресен – с.Царев Двор – м.в.Макази и обратно. Пожарот е локализиран околу 20:00 часот и сообраќајот на патниот правец Ресен – Битола е нормализиран. Исто така, има пожар на трска во близина на селото Асамати, на кој интервенираа екипи од ТППЕ Ресен. Во врска со пожарите беше свикан е и Општински кризен штаб во ЕЛС Ресен.**



## Координативен состанок за заштитата на шумите од пожари и од пожари на отворен простор во Струмица

**ЦУК, 15.03.2019 - Врз основа на препораките и насоките од 11-та седница на Управувачкиот комитет, како и спроведувањето на истите преку Центарот за управување со кризи денес во просториите на Подружница ШС Беласица Струмица се одржа координативен состанок во врска со заштитата на шумите од пожари и од пожари на отворен простор .**

**На состанокот се работеше по следниот дневниот ред :**
**1. Разгледување на Записникот од 11-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, подготвеноста на субјектите при појава на пожари и превземање на мерки за справување со истите.**

**Седницата ја отвори и со неа раководеше Раководителот на ПОРКОА РЦУК Струмица Милан Русев, а присуствуваа: претставници од ЕЛС Василево, Ново Село и Босилово, претставници од ЈКП „Комуна “- Ново Село, ЈКП „Турија “-Василево, ЈКП „Огражден“- Босилово, Подружница ШС „Беласица “Струмица, ЈП за пасишта Подружница Струмица, Државен инспекторат за земјоделие Струмица, Шумска полицијa Струмица, СВР Струмица, Полициска станица Струмица, ДЗС Струмица и ТППЕ Струмица.**

**На седницата беа донесени следниве заклучоци:**
**1. Подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу субјектите кои се надлежни за справување со шумски пожари и пожари на отворен простор.**
**2. ПО на МЗШВ Струмица и ШС„Беласица„ Струмица да ја информираат соодветно јавноста за постоење на забрана за палење на стрништа како превентивна мерка за заштита од појава на шумски пожари и за последиците од штетите од шумски пожари за нивна превенција како и за висината на казните за предизвикување на пожари согласно Законот за шуми.**
**3. Државниот инспекторат за земјоделство во координација со државниот инспектор за шумарство и ловство да превземат интезивни мерки за превенција од пожари предизвикани од палење на стрништа како и засилени контроли на терен во претстојниот летен период.**
**4. ЈП за стопанисување со пасишта ПЕ Струмица и државниот инспектор за шумарство и ловство да ги известат корисниците на пасишта и ловишта за можна потреба од нивно превентивно вклучување во заштита од евентуални појави на пожар.**
**5. Сите субјекти во Системот за управување со кризи да ги известат вработените за можноста на користење на бесплатниот телефонски број 195 во случај на забележан пожар.**
**6. Претседателот на здружението на сопственици на приватни шуми да изготви и достави список со телефонски броеви на лица сопственици на приватни шуми заради координација при појава на шумски пожар во приватна шума.**
**7. Изготвување на список со контакти на лица и институции кои се известуваат во случај на појава на шумски пошар и пожар на отворен простор.**

## Седница на регионалниот штаб за управување со кризи - Прилеп



**ЦУК, 20.03.2019 - На ден 18.3.2019 година (Понеделник ) со почеток во 13.00 часот. се одржа редовен работен координативен состанок на Регионалниот штаб за управување со кризи –Прилеп во просториите на Регионалниот центар за управување со кризи – Прилеп, со претставници на субјектите од системот за управување со кризи во зона на одговорност на ПО РЦУК Прилеп.**

**За состанокот беше предложен и усвоен следниот дневен ред:**

- **Разгледување на заклучоците, мерките и препораките на Управувачкиот комитет односно нивна реализација на локално ниво од надлежните субјекти.**
- **Разгледување–проценување на евентуални ризици и опасности кои би можеле да настанат во наредниот период, а кои што би можеле да гизагрозат добрата, здравјето и животот налуѓето и животните, а кои би биле предизвикани од елементарни и други непогоди, техничкотехнолошки катастрофи, епидемии на карантински и други заболувања кај луѓето и животните, како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина со посебен осврт на ( пожари на отворен простор, поплави од поројни дождови, топлотни бранови и др. опасност)**
- **Состојба на припременост на надлежните субјекти и начин на нивно функционирње во евентуална опасност од сите погоре споменати ризици и опасности.**

**Состанокот го отвори и со него раководеше раководителот на РЦУК – Прилеп и на РШ Илко Петкоски, а по сите точки од дневниот ред имаше дискусии од присутните членови на штабот и претставници од субјектите на СУК .**

**Заклучок: Мерките и препораките на Управувачкиот комитет за сите субјекти од ситемот за управување со кризи на локлно ниво да ги спроведуваат доследно и за тоа да доставуваат информација до ПО РЦУК Прилеп.**

- **По втората точка од дневниот ред е констатирано дека најголеми ризици и опасности во овој период во зона на одговорност ПО РЦУК Прилеп се пжарите на отворен простор.**

**Препорака: Се препорачува на ЕЛС Прилеп, Долнени и Кривогаштани да ги свикаат Локалните совети за превенција , а исто така да ги ажурииraат плановите за заштита и спасување и да ги потполнат и обучат единиците предвидени со иститe и да достават информација до ПО РЦУК Прилеп со кои ресурси располагаат.**

## Активни пожари на отворен простор до 08:00 19.03.2019

**Скопски регион - Во текот на вчерашниот ден, екипа на БППЗ на Град Скопје од 13:00 часот интервенира за гаснење на запалена мешана шума на Скопска Црна Гора во атарот на с.Булачани месност Влаин Гроб. Пожарот е во непристапен терен а поради ветерот се шири и го менува правецот. Известени се ШС Карацица и ДЗС Скопје. Во текот на ноќните часови екипи на БППЗ дежурале на лице место. Утрово е мирно и екипите се повлечени.**

**Битолски регион - Во текот на вчерашниот ден, во попладневните часови забележан е пожар кај м.в. Висока глава с.Метимир каде гори нискодабова шума. На терен излегле екипи од ЈП „Национални Шуми“ „Кајмакчалан“ Битола. Утрово повторно екипите се на терен.**

**Охридски регион - Во општината Македонски Брод активни се неколку шумски пожари за чие гасење интервенираат екипи на ШС Сандански и ТППЕ-М.Брод: Во атарот на с.Крушје гори сува трева, смрека и лисна постилка; Во атарот на с.Локвица гори деградирана шума; Во атарот на с.Д.Ботушје м.в. Кичин гори сува трева и ниска вегетација, и Во атарот на с.Грешница гори сува трева и ниска вегетација. ШС Јабланица Струга имале две интервенции на шумски пожар и тоа: Во атарот на с.Поум, за запалена сува трева и ниска вегетација; и во атарот на с.Луково м.в. Бигор, за запалена дабова и нискостеблеста шума. И двата пожари сеуште се активни, во текот на ден 19.03.2019 г. ќе се продолжи со гасење на истите.**

## Известување до јавноста за состојба со пожарите на отворен простор

**ЦУК, 12:00, 19.03.2019 - Во Скопскиот регион, пожарот кој започна вчера на Скопска Црна Гора е под контрола, екипите се на терен и интервенираат на целосно гаснење на пожарот. Во Македонски Брод, има четири активни шумски пожари и тоа во атарите на селата Крушје, Локвица, Грешница и Долно Ботушје. На терен се испратени екипи од ШС Сандански – Македонски Брод. Во Битолско, пожарот кај м.в.Висока глава, с.Метимир, кој започна вчера, сеуште е активен, а со истиот гори сува трева во стара сеча. Од утрово на терен интервенираат вработени во ШС Кајмакчалан – Битола. Во Охридскиот регион пожарите во атарите на селата Поум и Луково (општина Струга) се локализирани.**

## Апел до граѓаните

**Центарот за управување со кризи упатува апел до граѓаните да внимаваат при посети на отворени места или при работни активности во шумите и други локации кои се со обрасната или необрасната шума. Поради опасноста од пожари, посебно се предупредува да не се палат стрништа или оган на отворен простор на необезбедени места, меѓи и други површини, да не се фрлаат шишиња и друга стаклена амбалажа и отпад, да не се врши палење отпад и друг запалив материјал и да не се фрлаат остатоци од цигари на отворен простор.**

**Истовремено, ги потсетуваме граѓаните, доколку забележат одредени сомнителни места во кои е присутен оган или дим, веднаш да ги известат надлежните служби во најблиските институции и установи или да се јават на телефонскиот број 195, како број за итни повици на Центарот за управување со кризи.**

**Исто така, потенцираме дека државниот инспекторат за земјоделство и државниот инспекторат за шумарство и ловство вршат постојани контроли на терен со цел превенција од пожари предизвикани од палење на стрништа. Лицата кои ќе се затекнат како палат оган на отворен простор, или пак поради невнимание предизвикале пожар, подлежат на законски санкции. За намерно предизвикување на пожари, претстојат кривични пријави и предвидени парични и затворски казни.**

## Состојбата со активни пожари до 15:00 часот 25.3.2019

**Скопски регион - Сеуште е активен пожарот појавен изминатата недела, помеѓу селата Цидимирци (Велешко) и Дивље (Скопско). Зафатена е поголема површина сува трева, грмушки и деградирана ниска шума. На лице место се вработени на Ш.С Караџица – Скопје.**

**Битолски регион - ТППЕ-Ресен интервенираат на шумски пожар во с.Лева Река место викано „ЧЕСТАК“. Гори ниско теблеста дабова шума. Изгорена е површина 6-7 ха. Пожарот е ставен под контрола. Во атарот на с.Ниже Поле над селото на М.В.-Дебел Рид има активен пожар, гори сува трева и папрат. На терен се вработени во Националнен Парк-Пелистер. Активен пожар има и во атарот на с.Цапари каде гори запалена сува трева и капини. Интервенира екипа од ТППЕ и од Национален Парк Пелистер. За пожарите известени се: ЕЛС-Битола, ДЗС-Битола, Национален Парк-Пелистер и МВР-СВР-Битола.**

**Охридски регион - Пожарот во близина на с.Жубрино е сеуште активен, испратена е екипа од ШС Лопушник за гаснење на пожарот. Опожарена е дабова шума. Пожар има и во близина на село Јагол Доленци. Испратени се вработени од ШС Лопушник за да преземат мерки за гасење на пожарот. Пожар избувна и во близина на село Зајас Челиковци, а зафатена е дабова шума во приватна сопственост. Испратени се шумари од ШС Лопушник за да ја утврдат состојбата.**

**Тетовски регион - Шумско Шар Гостивар и ТППЕ-Гостивар интервенираат на пожар над с.Равен и Здуње. Зафатена е поголема површина со шума (дел и од борова шума). Пожарот зафатил околу 30 хектари. Пожарот е локализиран. Пожарите кај с.Копачин Дол (ЕЛС Желино), с.Боговиње и Синичане се локализирани. Пожарот помеѓу с.Мерово и Копачин Дол (ЕЛС Желино) е во фаза на гаснење. Ангажирани се жители од ЕЛС Желино, и вработени во ЈП МШ, а по потреба ќе биде ангажирана и ТППЕ- Тетово.**

**Велешки регион - Активен е пожарот помеѓу с.Мокрени и Богомила во месноста Неделска Вода (опш.Чашка). Ангажирани се вработени во ЈКП Тополка и вработени во ШС Бабуна.**

**Кумановски регион - Во моментов има активен пожар во Општина Липково, во атарите на селата Думановце, Руница и Белановце. Гори сува трева и деградирана шума. Се интервенира на гаснење на пожарите.**

**Состојбата со активни пожари до 12:00 часот 27.03.2019**

**Скопски регион - Пожарот над село Градманци (опш.Петровец) е сеуште активен. Опожарена е мешана шума и ниска трева на поголема површина, интервенираат припадници од ШС Караџица. БППЗ на град Скопје со пожарникари и ПП возила интервенираат на пожар во атар на с.Волково – пат за с.Кучково.**

**Кумановски регион - Активен пожар има во атарите на селата Никуштак и Матејче, м.в.Влаин Гроб, каде гори сува трева, и деградирана дабова шума. ШС интервенираат со вработени, а се работи за пожар со поголем интензитет, каде моментално гори висока дабова шума. Интервенцијата е отежната поради лошиот терен и високата дабова шума. До сега опожарени се околу 20 хектара и тимовите на ШС се очекува во текот на денешниот ден ДЗС да интервенира авионски во гасењето на пожарот. Во општина Крива Паланка, ТППЕ Ранковце интервенираат на пожар во с.Радибуш.**

**Штипски регион - Сеуште е активен пожарот помеѓу селата Пресека – Безиково м.в.Средно брдо (општина Кочани). Запалена е приземна вегетација (трева) и ниско стеблеста шума (даб). Интервенира ШС Осогово со свои вработени. Во општина Виница, пожарот кој се појави на ден 26.03.2019 година, на потег помеѓу селата Блатец и Липец, подножје на планина Плачковица, повторно е активен. Опжарена е нискостеблеста букова и габерова шума на тешко пристапен терен На терен интервенира ШС Виница со свои вработени.**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод, опожареното место во атарот на с.Брест и кај с.Крапа го контролираат вработени од ШС Сандански – Македонски Брод.**

## МЗШВ: Воведена забрана за движење во шума и шумско земјиште

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство соопшти дека од 29.03.2019 година воведе забрана за движење во шума и шумско земјиште. Имено, поради зачестена појава на шумски пожари а врз основа на член 57 став (3) од Законот за шумите („Сл.весник на РМ“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 , 44/15, 147/15, 7/16, и 39/16) е воведена забрана за движење во шума и шумско земјиште од 00:00 до 24:00 часот.**

**Забраната започнува да важи од 29.03.2019 година и ќе трае се до нејзино отповикување. Оваа забрана не важи за вработените во ЈП “Национални шуми“ и субјектите кои управуваат со заштитените подрачја од сите категории (Национални паркови, Парк шуми,шуми со специјална намена споменици на природата и сл).**

**Состојба со пожарите на отворен простор до 13:00 ч. 31.03.2019**

**Скопски регион - Пожарот на м.в.Љуботенски Бачила, е активен, од ЕЛС Бутел е побарано ангажирање на авионите на ДЗС.**

**Кумановски регион - Од утринските часови вработени од ШС интервенираат на активни жаришта на опожарената нискостеблеста дабова шума од вчерашниот пожар во атарот на с.Живиње (опш.Куманово) – с.Сушица (опш.Петровец). Во интервенцијата учествуваат и ТППЕ Куманово.**

**Струмички регион - Активен пожар има во атарите на селата Свидовица и Куклиш со кој опожарена е мешана шума, нискостеблеста даб и габер на површина од околу 5 хектари. Интервенираат вработени од ШС Беласица – Струмица и ТППЕ Струмица**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод активен е пожарот во атарот на с.Рамне каде гори ниска деградирана шума и смрека. Од утрово интервенираат вработени од ШС Сандански – Македонски Брод.
Пожарите во атарите на селата Горно Ботушје и Црешово се ставени под контрола.**

**Велешки регион - На територијата на општина Чашка има два активни пожари и тоа: Во атарот на с.Црешнево каде интервенираат ШС Бабуна – Велес и ЈКП Тополка – Чашка и во атарот на с.Мокрени каде интервенираат од ШС Бабуна.**

**Штипски регион - Во општина Кочани, пожарот кај с.Пресека (близу манастирот) сеуште е активен и опожарена е борова шума. Интервенираат од ШС Осогово - Кочани, од Шумска полиција и ТППЕ Кочани.
Во општина Берово, пожарот кај с.Владимирово каде гори папрат и дабова шума е се уште активен. Интервенираат од ШС Малешево, месно население и од шумската полиција.**

**Тетовски регион - Пожарот кај с.Седларево е локализиран.**

## Состојба со пожарите на отворен простор до 13.30 часот 01.04.2019 година

**Битолски регион - Пожарот кој започна вчера во атарот на с.Норово кон с,.Селце сеуште е активен. Во текот на ноќта и раните утрински часови се шири зафаќајќи мешана нискостеблеста и висока дабова и букова шума. Заради оваа ситуација во утринските часови беше ангажиран и хеликоптер од АРМ. Истиот е сеуште на терен и го гасни пожарот. - На територијата на општина Крушево активен е и пожарот кај с.Јакреново, гори нискостеблеста дабова шума., со можност за проширување. Пожарот кај селата Луковица и Седларево-општина Желино кој е започнат на 27.03.2019 година, утрово повторно е активиран. На местото е упатена екипа од вработени од ШС-Лешница кои интервенират во локализирање и гасење на истиот. Шумски пожар има помеѓу селата Мренога и Вирово, гори нискостеблеста дабова шума, а на терен има вработени од ШС Бигла Демир Хисар. Шумски пожар има во атар на с.Гостиражни каде гори дабова шума. Пожарот е префрлен од Велешка општина. Се интервенира со вработени од ШС „Црн Бор„ – Прилеп. Пожар во атар на с. Полчиште м.в. Торнева нива, гори сува трева, врба, дабова шума и истиот е проширен и во борова шума. Од страна на ШС „Црн Бор"-Прилеп ангажирани се вработени за гаснење на пожарот. Во моментов во Македонски Брод има активен пожар во атарот на село Рамне на терен има екипа од ШС„Сандански„-М.Брод.**

**Штипски регион - Пожарот кај село Пресека, во непосредна близина на манастирот Св. Богородица, кој избувна на 30.03.2019 година е активен. Зафатена е борова шума, на пожарот интервенираат вработени од Шумското стопанство, ТППЕ Кочани, МВР ПС Кочани КЈП Водовод и Општина Кочани. Пожарот што избувна кај с.Владимириво е делумно ставен под контрола. Еден крак се уште гори. На терен се од ШС Малешево и луѓе од месното население кои работат на локализирање.**

**Скопски регион - Пожарот кај Љуботенски бачила е сеуште активен, во гаснење на пожарот интервенираат вработени од ШС Караџица.**

**Велешки регион - Пожарот во атарот на с. Црешнево е сеуште активен. Екипита од ШС Бабуна со луѓе од месното население се на терен и го гаснат пожарот. Пожарот во атарот на с.Мокрени е исто така активен во два правци еднио т према прилепска страна и уште еден према с. Богомила. Гори сув папрат. На терен интервенираат вработени во ШС Бабуна. Пожарот северозападно од с.Ореше е исто така сеуште активен.**

**Струмички регион - Активен е пожарот помеѓу с. Бајково и Бадилен над с.Ново Коњарево. На терен се од ШС Беласица, ЈКП Комуна Ново Село и од ТППЕ Струмица.**

**Охридски регион - Пожарот кај с.Поум е сеуште активен. Гори нискостеблеста шума. Екипа на ШС-Јабланица-Струга е на терен но поради непристапноста на теренот гаснењето на пожарот е многу отежнато. Пожарот кај с.Поун е сеуште активен, на терен се екипи на ТППЕ-Струга**

### Состојба со пожарите на отворен простор до 14:00 ч. 02.04.2019

**Битолски регион - Во општина Крушево, пожарот во атарот на с.Норово кон с.Селце, сеуште е активен. Гори нискостеблеста дабова шума на површина од над 100 до 150 ха. Пожарот во текот на вчерашниот ден по интервенцијата на хеликоптерите од АРМ беше локализиран, но во вечерните и утринските часови повторно се активира и се прошири. Гори мешана нискостеблеста и висока дабова и букова шума. Поради ваквата состојба во утринските часови повторно е ангажиран хеликоптер од АРМ. Истиот е сеуште на терен и интервенира на пожарот. Интервенираат и пожарникари од ТППЕ Крушево и вработени од ШС „Липа" Крушево. Активен е и пожарот кај с.Јакреново гори нискостеблеста дабова шума. Интервенираат од ШС „Липа", а се очекува во текот на денот засилување од страна на ТППЕ и хеликоптерот од АРМ, кога ќе завршат со интервенцијата на пожарот кај с.Норово. Пожарот во атарот на с.Врбоец, каде гореше дабова и букова шума е локализиран. На терен е екипа ШС „Липа". Во општина Долнени активен е шумскиот пожар во атар на с.Гостиражни. Од утрово вработени од ШС „Црн Бор" - Прилеп интервенираат на пожарот. Гори дабова и букова шума. Во општина Прилеп, пожарот во атарот на с.Полчиште м.в.Торнева нива, е сеуште активен. Ангажирани се вработени од ШС „Црн Бор" - Прилеп. Во моментов гори сува трева и деградирана шума. Опожарена е и помала површина од борова шума и во моментот се преземаат мерки истиот да не се прошири. Во општина Демир Хисар, активен е и пожарот помеѓу селата Мренога и Вирово со кој е опожарена нискостеблеста дабова шума и сува трева на површина од околу 100 Ха. Интервенираат од ШС Бигла – Демир Хисар.**

**Велешки регион - Во општина Чашка пожарот кој се појави во атарот с.Мокрени, и се прошири кон селата Богомила и Габровник во делот на с.Богомила гори со слаб интензитет, а во делот на с.Габровник е со посилен интензитет. На пожарот кон с.Габровник ангажирани се лица од ШС Бабуна и пожарникари од ТППЕ Велес. ЕЛС Чашка од ДЗС побара ангажирање на авиони бидејки пожарот брзо се шири кон Прилеп.**

**Штипски регион - Во општина Берово, пожарот што избувна кај м.в.Петлец во атар на с.Русиново е локализиран. На терен е екипа од ШС Малешево. Пожарот во с.Владимирово е локализиран. На терен од ШС Малешево. Во општина Кочани, шумски пожар во атарот на с.Пресека во близина на манастирот Св.Богородица е локализиран но на некои места сеуште е активен. Интервенираат од ШС Осогово и од ТППЕ Кочани.**
**(продолжува на стр. 8)**

**Скопски регион - Во општина Петровец, пожарот кај с.Катлановска Сушица е локализиран. Пожарот кај с.Цветово (опш.Студеничани) е ставен под контрола и се следи состојбата од страна на ШС Караџица. Пожарот кај Љуботенски Бачила (опш.Бутел) е локализиран.**

**Струмички регион - Во реоните на селата Бајково и Бадилен пожарите се локализирани и се под контрола. Екипа од ШС Беласица е на терен заради следење на состојбата.**

**Тетовски регион - Пожарите во селата Луковица и Седларево се ставени под контрола и изолирани.**



***Во врска со пожарите кои се невообичаени за овој период од годината, во Центарот за управување со кризи, денес се одржа состанок со сите раководители на регионалните центри за управување со кризи. На состанокот беа разгледани предизвиците и слабостите со кои се соочуваа институциите на Системот за управување со кризи при справување со пожарите . Со цел надминување на истите, во наредниот период ќе се преземат соодветни мерки и активности за навремено координирање и ефикасно справување со шумски пожари.***

## Состојба со пожарите на отворен простор до 08:00 ч. 04.04.2019

**Битолски регион - Пожарот во атар на с.Полчиште м.в. Торнева нива сеуште е активен и се движеше према м.в.Касови Ливади. Во текот на вчерашниот ден, во долниот дел гореше врба, сува трева и смрека и продолжи во квалитетна борова шума. На гасење на пожарот дејствуваа вработени од ШС „Црн Бор“ Прилеп, како и екипа на ТППЕ Прилеп. Шумскиот пожар во атарот на с.Гостиражни - ЕЛС Долнени е сеуште активен. Во текот на вечарашниот ден интервенираа вреботени на ПШС „Црн Бор“ Прилеп. Гори нискостеблеста дабова и букова шума. Во доцните вечерни часови екипа на ТППЕ Прилеп интервенирале на запалена сува трева и нискостеблеста дабова шума во атар на селата Дрен и Смолани. Пожарот кај с.Јакреново е сеуште активен. Гори нискостеблеста дабова шума. Се наоѓа на тромеѓето на територијата на општините Крушево, Македонски Брод и Долнени. На пожарот интервенираа екипа од ЈП Македонски шуми - Македонски Брод. Вчера пријавен е и пожар кај с.Граешница. Зафатена е сува трева. Во текот на вчерашниот ден, попладнето интервенирала екипа од ЈП „Кајмакчалан“ Битола и пожарот е ставен под контрола.**

**Охридски регион - Пожар во реонот над с.Колари е се уште активен, но со намален интензитет. Во текот на вчерашниот ден екипа на ШС „Лопушник“ Кичево интервенираше на пожарот со кој е зафатена сува трева и нискостеблеста шума. Пожарот над с.Букојчани е локализиран околу пладне..**

## Состојба со пожарите на отворен простор до 08:00 ч. 05.04.2019

**Битолски регион - Во општината Прилеп, пожарот кај с.Полчиште м.в. Торнева нива во текот на вчерашниот ден е ставен под контрола. Интервенирале екипи на ТППЕ-Прилеп и ПШС „Црн Бор“-Прилеп. Вработените од ПШС „Црн Бор“-Прилеп останеле на терен до вечерните часови.**

**Кумановски регион - Пожарот во атарот на село Винце во општина Куманово, во текот на вчерашниот ден делумно беше локализиран. Во гаснење на пожарот со кој беше зафатена шума интервенираа екипи на ЃЦ и ТППЕ Куманово. Поради временските услови и лошиот терен немаше можност целосно да го локализираат.**



## Одржана 42 редовна седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево

ЦУК, 16.04.2019 - На 15.04.2019 година се одржа 42 редовна седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево во салата на Советот на општина Кичево. Покрај членовите на РШ на седницата присуствуваа и претставници од ТППЕ Кичево, ЈП ШС Лопушник, Шумска полиција Кичево и касарната Кичево.

Раководителот Сузана Тасевска отвори расправа по дневниот ред:
1. Преглед на случени шумски пожари во 2019 година на подрачјето на општина Кичево
2. Координирање на активностите на субјектите преку разгледување на заклучоците донесени на одржаната седница на Управувачкиот комитет
3. Превземање на мерки и активности на институциите на Системот за управување со кризи за справување со пожари на отворен простор.

Раководителот откако го образложи Записникот од 11-тата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, ги праша претставниците на институциите со какви човечки и материјално-технички средства располагаат и како се организирани нивните тимови за справување со пожари. Ги повика ТППЕ Кичево и ЈП Лопушник да излезат со своите анализи на случените шумски пожари за оваа година. Преку прегледи присутните беа информирани за бројот на случени шумски пожари и бројот на ангажирани сили. РЦУК Кичево направи споредба на големиот број на пожари од оваа година со бројот на пожари во минатото.

На крај ги повика сите институции да ги координираат активностите на сите субјекти. РЦУК Кичево во соработка со итната медицинска помош од Кичево заедно направиле неколку посети на населени места што биле искористени и за разговор со месното население и дистрибуирање на флаери за употребата на бројот 195. Соработката со ПС Кичево особено со командирите на ПС на реонот на општина Кичево е одлична посебно на полето на взаемно и навремено известување за настанати пожари.

Претставникот на Општина Кичево истакна дека Општината има донесено Процена на загрозеност и План за заштита и спасување врз основа на кои се формирании Штаб за заштита и спасување и просторни сили. Општината има Универзална единица (Вод) од 42 лица, а со одлука на општината, ЈП Комуналец има формирано специјализирана единица за комунални проблеми која може да се употреби за гасење на шумски пожари. Исто така може да се ангажираат и ресурсите на трговските друштва со кои општината има склучено договор за изведување на одредени градежни работи.

Претставникот на Шумската полиција Кичево потенцираше дека во временскиот период кога имаше интензивно палење на стрништа и ѓубриште извршиле неколку заеднички патроли со припадниците од ПС Кичево што дало ефект за намалување на бројот на пожари во следниот период.

Врз основа на дискусиите се усвоија следниве заклучоци:
1. И се препорачува на Шумската полициска станица Кичево да продолжи со заеднички патроли со вработените од ПС Кичево особено во периодот кога временските услови дозволуваат брзо ширење на пожари на отворен простор
2. Да се достави заедничко известување до локалните медиуми за јавно информирање за забраните за палење на оган на отворен простор со посебна напомена на казнените одредби во случај на непочитување на оваа забрана.

## Проект за подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион

**ЦУК, 08.04.2019 - На 03 и 04. 04. 2019 год во Хотел Сириус -Струмица се одржа втора работна седница по Проектот за подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион, финансиски и технички поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП.**

**На работилницата учествуваа постојаните членови на Мрежата и номинираните претставници на институциите на национално и локално ниво ( РЦУК Струмица, ДЗС Струмица и Центарот за развој на југоисточниот плански регион,) вклучени во реализацијата на проектот Подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион како и претставници на Проектот за управување со цврст отпад во Полошкиот регион.**

**Целта на седницата беше разгледување на напредокот во спроведувањето на Проектот за подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион како и целите и активностите предвидени во рамки на Проектот за управување со цврст отпад во Полошкиот регион. Во рамки на работилницата се презентираа и искуствата на Југоисточниот Плански Регион во справувањето со поплавите и се разгледаа можностите поврзани со Програмите за прекугранична соработка и други извори на финансирање.**



## Посета на студенти од Факултетот за безбедност - Скопје на Центарот за управување со кризи

**ЦУК, 04.04.2019 - На 02 април 2019 година во Центарот за управување со кризи беше реализирана посета од страна на студенти од Факултетот за безбедност – Скопје и продеканот за наука и развој при факултетот, доц. д-р. Марјан Ѓуровски. Директорот на Центарот за управување со кризи, г-дин Агрон Буџаку, во воведното обраќање ги поздрави студентите и накусо ги запозна со функциите и надлежностите на Центарот.**

**Во рамки на посетата на студентите им беше презентирано функционирањето на Центарот и Системот за управување со кризи, а имаа можност да се запознаат и со проектот „Следна генерација на систем за командување и управување со инциденти“ (NICS), кој се имплементира во рамки на Програмата на НАТО – Наука за мир и безбедност (NATO SPS).**

**На студентите им беше овозможена и кратка посета на Секторот за операции и координација со цел запознавање со надлежностите на секторот и работењето на Дежурниот оперативен центар на ЦУК.**

Билтен на Центарот за управување со кризи
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. cuk.mail@cuk.gov.mk